# Транспарентност Македонија

ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

2010

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за состојбата во борбата против корупцијата и криминалот и транспарентоста во општеството во 2010 г.

**ПРЕДГОВОР**

Измината, 2010 г., *Транспарентност Македонија* (ТМ) продолжи редовно и непосредно да ги следи состојбите во борбата против корупцијата и криминалот, како и состојбата со транспарентноста во општеството и во функционирањето на државните органи и други институции кои располагаат и трошат јавни пари или други јавни средства и ресурси во Република Македонија. Стручниот тим на ТМ, составен од повеќе јавно и академски потврдени експерти, континуирано ја анализираа и опсервираа состојбата преку следење на 6-те антикорупциски столбови: економскиот и финансискиот систем; политичкиот систем (Собрание и политички партии); јавната администрација и локалната самоуправа; граѓанскиот сектор, медиумите, меѓународната заедница; правосудството; и институциите надлежни за надзор.

Како резултат на ваквото континуирано следење на состојбите во повеќе области поврзани со неправилностите, кршењето на законските и други процедури, сомневањата за извршени коруптивни и криминални дела или недостатокот од транспарентност и јавност во работата на државата и нејзините органи и институции, ТМ објави **еден тримесечен извештај** (јануари-март 2010 г.), **еден двомесечен** (јули-август 2010 г.), **седум месечни извештаи** (април, мај, јуни, септември, октомври, ноември и декември 2010 г.) и **4 посебни соопштенија** до јавноста, со наведување на **стотина конкретни случаи**, но и феномени и системски тенденции од областите што беа предмет на опсервација. Овие извештаи дадоа детален пресек на повеќето недостатоци што се појавија во функционирањето на сите три гранки на власта, со нудење конкретни препораки и совети во областа на одговорното и законско анти-корупциско работење. Намерата на ваквата интензивна мониторинг-активност е актерите во македонската политика, надлежните државни органи и институции, како и граѓаните, овие јавни укажувања, предупредувања и препораки да ги сфатат конструктивно,

www.transparentnost-mk.org.mk
2010

**МИСИЈА**
Држава во која владее правото, а владата, политиката, бизнисот, граѓанското општество и секојдневниот живот на луѓето се без корупција.

**ВРЕДНОСТИ**
Транспарентност, одговорност, солидарност, смелост, правичност, демократија, интегритет.


**Членови на Управен одбор**
М-р Сашо Орданоски - претседател
Мирче Чекреџи - потпретседател
Сашо Клековски
Џевдет Хајредини
Проф. Д-р Ванчо Узунов
Дритан Крифца
М-р Даниела Лазаревска
Калина Миљовска
Вања Михајлова

**Членови на експертска група**
Проф. Д-р Гордан Калајџиев
Драган Малиновски
Проф. Д-р Ана Павловска Данева
Калинка Сентиќ - Габер
Проф. Д-р Ризван Сулејмани
Проф. Д-р Предраг Трпески

**Извршен директор**
Ана Јаневска Делева



**Издава:**
Транспарентност Македонија
Ферид Бајрам бр. 39
1000 Скопје
Тел/факс:02/3121100
Емаил: info@transparentnost-mk.org.mk
www.transparentost-mk.org.mk

За издавачот:
М-р Сашо Орданоски, претседател на ТМ


како еден континуиран и објективен механизам за следење на состојбите во Република Македонија во областа на транспарентноста во општеството и борбата против криминалот и корупцијата.

ТМ, како политички независно и непрофитно граѓанско здружение, не претендира дека објавените месечни извештаи се единственото мерило на реалните состојби во државата, ниту дека во тие извештаи се опфатени сите случаи на корупција, нетранспарентност или друг вид на криминални злоупотреби во сферата на јавната политика и трошењето на јавни пари во Македонија. Во атмосфера на висока исполитизираност, различни поделености во општеството и недоизграденост на институциите на системот, ТМ преку овие извештаи се труди, користејќи го демократското право и правото на јавен ангажман, одговорно и отворено да проговори во област во која ниту само политичарите, ниту само органите на државната управа го немаат правото на монопол врз вистината и правото на влијание врз формирањето и спроведувањето на политиката.

Во оваа смисла, и овој Годишен извештај за 2010 г. претставува селекција, но истовремено и симбиоза на најбитните настани во повеќе области, интегрирани во повеќе тематски и логички целини, со цел полесно следење и систематизација на различните случувања во изминатата година, тесно поврзани со феномените кои беа предмет на месечната опсервација. Публиката што е цел на овој Годишен извештај не е само стручната и експертска јавност во Македонија, туку и поширок граѓански аудиториум кој со право е заинтересиран за тоа како се креираат политиките, како се трошат јавните пари и како се спроведуваат законите во областа на борбата против корупцијата и организираниот криминал во Република Македонија.


Проектот за месечното мониторирање на состојбите со корупцијата и криминалот во Република Македонија како и борбата против овие непожелни појави во општеството е финансиски поддржан од Фондацијата Институт отворено општество - Македонија.

## РЕЗИМЕ

2010 е годината што ја одбележаа две крупни општествено-политички тенденции во борбата против криминалот и корупцијата во Република Македонија. Од една страна, во државата кулминираше политиката на власта за инструментализација и манипулација на јавноста и на државните иснтитуции и органи во селективниот и исполитизиран пристап при гонењето на криминалот, но и неселективниот пристап во злоупотребите при трошењето на јавните пари. Од друга страна, голем дел од јавноста стана свесен за коруптивната природа на таквите манипулации и инструментализации, пред сé благодарејќи на демаскирањето на притисоците врз независноста на судството и на медиумите, за нивно „дисциплинирање“ во поддршката на политиките на владејачката гарнитура предводена од премиерот **м-р Никола Груевски**.

Овие два тренда се резултат на продлабочувањето на социјалната и економската криза низ којашто поминува македонското општество во последните неколку години и неуспехот на економската политика на Владата да се справи со сиромаштијата и невработеноста во државата. Довербата во институциите и понатаму се намалува. Поддршката на владината политика паралелно опаѓа со бројот на скапите владини телевизиски кампањи и споменично-архитектонските мегаломански проекти наменети за разубавување на стварноста и дефокусирање на јавноста од недостатокот на делотворни политики во клучните сфери на водењето на државните работи.

Тоталната партизација на големиот и растечки државен апарат, нетранспарентноста во работата и притисоците врз опозицијата, бизнис-секторот, образованието, здравството, невладиниот сектор, независните контролни и регулаторни тела, медиумите и судството резултираа со продлабочување на конфликтите и раст на социјално-политичката напнатост во сите сегменти на општеството. Се зголемува и правната несигурност во државата како резултат на големиот број контрадикторни или неспроведливи законски решенија и многуте оспорени законски акти од страна на Уставниот суд.

*Транспарентност Македонија* редовно и доследно ја информираше јавноста и во 2010 г. за состојбите со криминалот и корупцијата во општеството. Тоа предизвикуваше повремени жестоки реакции од власта, со омаловажување на нашата работа и на персонално и на ниво на целото здружение. Медиумите, пак, со внимание известуваа за работата на ТМ, а бројни членови од органите на здружението или експертите ангажирани во изработката на нашите месечни извештаи играа важна улога во креирањето на ставовите во јавноста за суштинските проблеми во областа на транспарентното и отчетно владеење и борбата против криминалот и корупцијата во државата.

# I. ПОЛИТИЧКИ ВЛИЈАНИЈА И ДЕФОРМАЦИИ НА СИСТЕМОТ

## I. 1. Нетранспарентно работење на Владата

Во изминатата 2010 г., во областа на одговорното и транспарентно креирање на јавните политики и процесот на донесување на одлуки, Владата на Република Македонија покажа длабоко противречни тенденции. Од една страна, таа и во изминатата година продолжи со низа активности од областа на односите со јавноста да создава перцепција дека е отворена во процесот во креирањето на своите политики; од друга, низа суштествени и крупни општествени и политички реформи во цели сектори на државата и општеството се покренуваат без воопшто за нив да биде консултирана или барем навреме информирана стручната и пошироката јавност, како ни директно засегнатите од конкретните реформи и измени спроведени од страна на Владата. На продолжени или новозапочнати реорганизации и, најчесто, лошо осмислени реформи, и во изминатата година особено беа подложени секторите на здравството, образованието, јавната администрација, социјалните служби, но и низа други области од чие функционирање зависи секојдневниот живот на граѓаните. За предвидените новини јавноста најчесто дознаваше од неочекувани прес-конференции и владини соопштенија или попатни забелешки на некој од надлежните министри.

ТМ во неколку наврати и во 2010 г. констатираше и предупредуваше дека ваквата пракса се коси со елементарните правила и принципи во водењето на транспарентна, одговорна и отчетна политика во демократијата. Во недостаток на овие принципи, резултатот е натамошно продлабочување на општествените конфликти и жестока поделба на општеството на (најмалку) две спротивставени политички опции, со постојан пораст на масата на граѓани кои манифестираат општествена пасивност, депресија и егзистенцијален страв од она што им го носи секојдневието.

Во оваа смисла, како покарактеристичен случај може да се посочи **поделбата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“**, предложена од страна на министерот за образование и наука **Никола Тодоров**. Без неопходните анализи и аргументација, без јавна и стручна дебата, без истражувања и соодветна најава, надлежниот министер покрена процес со далекусежни последици врз високото образование во земјата и врз автономијата на универзитетите. Најмладиот министер во Владата - момче кое и самото до пред некоја година било студент - предложи *ad hoc* поделба на најстариот и најголем Универзитет во државата на пет делови. Нема образложение зошто е потребна поделбата; зошто на пет, а не на четири или на шест делови; кои се финансиските импликации врз институцијата и врз научно-наставниот процес; што добиваат, а што губат студентите од ваквите реформи; што ќе значи тоа за позицијата на факултетите; што ќе се случи со постојните научно-истражувачки институти; итн.

Се чини дека од ваквите потези на надлежното Министерство се најде затечен дури и самиот ректор на Универзитетот, **д-р Велимир Стојковски**, кој со своите досегашни политички и ректорски активности заслужи голема доверба и поддршка од Владата. Неговите обиди да балансира меѓу владината политика за

чести упади во универзитетската автономија, од една страна, и за заштита на научно-образовните интереси на Универзитетот, од друга, не помогнаа за нормализирање на односите и политиките на власта во однос на најстарата, најголемата, најважната и најугледната образовна институција во државата.

Уште еден еклатантен пример на поделба на општеството беше бесрамниот и насилнички „упад“ кој го направи претседателот на Владата на РМ во локалната власт преку формирање на партиски орган наречен **Совет на градоначалници од ВМРО-ДПМНЕ**. Премиерот јавно, пред сите македонски медиуми, закажа „седница“ на овој партиски орган, со што го засени работењето на единствената организација предвидена со закон на единиците на локалната самоуправа – мивното Здружение, ЗЕЛС. На таа седница, Премиерот ги распрсшуваше градоначалниците за нивната работа, им даваше упатства и насоки, со што изврши директно вмешување на централната власт во локалната самоуправа и нејзина недвосмислена партизација.

**Владата и Собранието со своите контрадикторни, контрапродуктивни и селективни законски решенија внесуваат трајна забуна и правна несигурност кај граѓаните. Не ретко ваквата политика прави сериозни штети во бизнис заедницата која е изложена на финансиски загуби и скапи инвестиции за законски обврски кои набрзо бидуваат укинувани или нивното спроведување е без допирна точка со реалноста во државата.**

### I. 2. Собранието на РМ – гласачка машинерија на власта

Резултатите од работата на Уставниот суд на РМ во 2010 г., во чии постапки продолжија да паѓаат бројни законски решенија заради нивната спротивставеност со уставните решенија, беа добар индикатор за квалитетот и ефикасноста на работењето на македонскиот законодавен дом. Собранието, во кое владејачката коалиција од есента 2008 г. располага со апсолутно мнозинство на пратеници, е претворено во послушник и некритичен извршител на непромислените и популистички владини политики кои резултираат со големи импровизации во законодавна политика на македонскиот популизам.

Во првото тромесечје на 2010 г. цели проекти на Владата од областа на здравственото осигурување и социјалната помош паднаа на Уставен суд или, пак, беа повлечени од самата Влада која во 2008 г. беше нивен предлагач. **Проектот „Бејби-бум“**, промовиран како рецепт на Владата за зголемување на наталитетот во ниско наталитетните општини во Македонија (со мнозинско етничко македонско население), беше укинат од Уставниот суд заради своите дискриминирачки одредби. По оваа одлука, но и заради исцрпеноста на јавните фондови, Владата реши да ја напушти идејата за парични поттикнувања на зголемувањето на наталитетот во државата.

Слични дискриминирачки одредби содржеше и **Законот за здравственото осигурување** кој, пред да ја доживее предвидливата судбина пред Уставниот суд, беше „повлечен“, односно изменет од страна на Министерството за здравство, коешто две години претходно ја подготви и ја предложи оваа законска верзија. Собранието, во манирот на „гласачка машинерија“, експресно ја измени спорната одредба, која никогаш не доживеа своја примена во практиката.

Дебакл на бројните непромислени владини политики, мотивирани од желбата за јакнење на монополистичката положба на Фондот за здравствено осигурување се случи со одлуката на Уставниот суд според која осигурениците ќе можат да го користат здравственото осигурување во сите здравствени установи во државата, како јавни, така и приватни. Онака како што предвидува и

македонскиот Устав, не правејќи разлика помеѓу јавните и приватните здравствени установи.

Сепак, **Законот за забрана на пушењето** можеби најдобро ја илустрира трагикомичната состојба во Македонското собрание: откако, вообичаено, собраниското мнозинство брзоплето го донесе овој законски акт и се соочии со остри спротивставувања во јавноста, набрзо по стапувањето во сила, Законот беше изменет на предлог на пратеници од владејачката партија, истите оние кои жестоко ги бранеа и запирките во текстот пред да го изгласаат неговото првично донесување!

На сличен импровизантски начин беше донесена, па потоа набрзина повлечена, уште една законска обврска со широки реперкусии врз граѓаните - онаа за **задолжително поседување на противпожарни апарати** во приватните автомобили. И оваа законодавна „драмолетка“ потсетува на сличните претходни епизоди со обврската за **плаќање фирмарини во Скопје**, задолжителноста на **„патриотските сметки“ во трговијата**, **откупот на дворното земјиште**, воведувањето на **домарските служби во зградите**, измените на **законското третирање на дивоградбите** итн.

**Законот за антидискриминација** наиде на жестока критика како од страна на македонската јавност, така и од страна на европските парламентарци. Со Законот се забранува дискриминација врз основа на полот, расата, бојата на кожа, етничката припадност, јазикот, државјанството, социјалното потекло, религијата, образованието, политичката припадност, инвалидитетот, возраста и здравствената состојба, но не и според сексуална ориентација. Хомосексуалците и останатите маргинализирани сексуални заедници во РМ останаа без законска заштита од дискриминација.

За прв пат во историјата на македонското собрание се случи *упад* на претседател на Владата во работата на Собранието. По бројните дискусии во Собранието при донесувањето на **измените на Законот за извршување**, по писменото мислење и укажување на Комората на извршители, како и по укажувањето на стручната јавност дека измените на Законот за извршување се несоодветни и дека одат во правец на ограничување на извршителската дејност од страна на министерот за правда, иако станува збор за делегирана дејност од страна на судовите, сепак, измените на Законот беа донесени. Веднаш по нивното донесување, стана јасно дека граѓаните се незадоволни и дека нивното незадоволство јавно го манифестираа во сите медиуми, укажувајќи на можноста тоа да прерасне во социјален немир, доколку почнат ригорозно да се спроведуваат одредбите од новиот Закон за извршување. По таквите најави, во медиумите се појави премиерот **м-р Никола Груевски** со изјави дека *тој* ќе го одложи дејството на овој Закон!?

Владата и Собранието со своите контрадикторни, контрапродуктивни и селективни законски активности внесуваат трајна **забуна и правна несигурност** кај граѓаните. Ваквата политика често прави сериозни штети во бизнис-заедницата која е изложена на финансиски загуби и скапи инвестиции за законски обврски кои набрзо бидуваат укинувани или нивното спроведување е без допирна точка со реалноста во државата.

ТМ побара од власта итно да престане со играње на улогата на главен фактор во создавањето на правна несигурност во земјата. Ја предупредивме Владата дека треба одговорно, реално и законито

да постапува, со прилагодување на своите политики кон одредбите во Уставот, во законите и според меѓународните стандарди, наместо упорно и тврдоглаво за свој „правен“ основ за делување и за подготовка на легислативата да ја зема програмата за преродба на владејачката партија.




### I. 3. Судир на интереси

Во 2010 г. ТМ во повеќе наврати укажуваше на бројни случаи на судир на интереси и неспоивост на функцијата, со што продолжи грдата практика особено карактеристична за оваа власт во изминатите неколку години. Комплетното партизирање на јавната администрација и на целиот државен сектор е надграден и дополнет со уште понеприфатлива политика: високите слоеви на власта продолжија со промовирање на членови од своите потесни и подалечни семејства и од кумовско-баџаначките релации, на разни функции во државата. Оваа тенденција на затворање на кругот на оние кои управуваат со политиките и со јавните ресурси во државата во семејно поврзана активност на неколку десетици луѓе придонесува за драматични случаи на судири на интереси и сомневања за коруптивни активности.

Така, ДКСК јавно повика поголем број **носители на две или повеќе јавни функции во власта** да се откажат од вршењето на едната (или на повеќе од една) од нив заради спречување на силната концентрација на моќ, како и заради спречување на присвојувањето на буџетски средства по повеќе основи. Владата на РМ со ниту едно дејствие или мерка не застана во поткрепа на забелешките на ДКСК. Напротив, најпрво молчеше, а потоа се обиде да изнајде погрешни толкувања за конфликт и недореченост на законите со кои се уредува прашањето за конфликтот на интереси. На крајот, под силен притисок на јавноста, на медиумите и од невладиниот сектор, се огласи ВМРО-ДПМНЕ како партија на власт (наместо тоа да го сторат институциите) со јавен повик кон своите членови да се откажат од двојните или тројни функции. Притоа, за клучните фигури во власта, партијата не остави по личен избор да одлучат на која функција ќе останат. Партијата побара тие да ги напуштат директорските фотелји, со цел да останат во органите на локалната самоуправа, најчесто во оние општини каде што се врши или се очекува да се врши распродажба на државно земјиште.

Во таков контекст, како особено драстичен пример на неспоива и противзаконска **акумулација на функции**, беше посочен случајот на вицепремиерот **д-р Васко Наумовски**. Спротивно на јасните одредби на Уставот на РМ каде се предвидува неспоивост на министерската со која било друга функција или професија (чл. 89, Устав на РМ) и на Законот за судир на интереси, чија цел е да се обезбеди спречување на злоупотребата на власта и доверените јавни овластувања на службеното лице за остварување на лични цели, вицепремиерот Васко Наумовски, користејќи ја својата политичка функција, издејствувал вработување како наставник на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. За таквата своја постапка, во

која има јасно сомневање за судир на интереси, иако бил законски обврзан, не побарал мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата.

ТМ укажа дека овој случај спаѓа во коруптивните практики кои се квалификуваат како **„трговија со влијание”**, кога функционери користат прикриени форми на влијание - иако во оваа корупциска афера притисокот беше направен дрско и отворено, без прикривање - за незаконско остварување на лични или групни интереси.

Во случајов, не се работеше за изолиран инцидент, туку за сериозен системски и политички проблем. Аферата со г. Наумовски беше една од повеќето врзани за вработување на владејачки партиски кадри на Правниот факултет во Скопје. Таму веќе неколку години наназад, преку ред, формална согласност за вработување добиваат само кадри на владејачката партија: така се вработени пратениците на ВМРО-ДПМНЕ **м-р Александар Спасеновски** и **м-р Христина Рунчева**, поранешната секретарка на премиерот Груевски, **Милена Апостоловска**, како и неколку асистенти и соработници на претседателот **д-р Ѓеорге Иванов**. На Правниот факултет како наставник работи и братот на вицепремиерот Наумовски.

Во минатото, во различни владејачки гарнитури, бројни професори од Правниот факултет во Скопје, како и од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, извршувале високи државни функции. Но, ова е првпат кадровските трансфери да се прават во обратна и недозволиво коруптивна насока - од власта, кон Универзитетот. Тоа ги нарушува угледот, интегритетот и автономијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. ТМ укажа дека оваа недолична и коруптивна практика на власта се одобрува и од самите универзитетски власти и тамошниот професорски кадар. Со тоа на уште една професија во македонското општество - покрај судската, обвинителската, новинарската и лекарската, на пример - и се нанесе тежок удар врз професионалниот интегритет и достоинство.



ФАТЕНИ ВО МРЕЖА

## II. НЕТРАНСПАРЕНТНО ТРОШЕЊЕ НА БУЏЕТСКИ ПАРИ

### II.1. Јавни набавки и спроведување на тендери

Во сите ревизорски извештаи објавени во 2010 г. фокусот беше ставен врз непочитувањето на законските прописи при спроведување на јавните набавки. Ова води до заклучокот дека токму јавните набавки во РМ се отворено поле за корупција. Ако се знае дека во Македонија секој четврти тендер е поништен, а секоја трета жалба е усвоена, очевидно е дека јавните набавки се строго контролирано подрачје од страна на носителите на државни функции, каде се фаворизираат однапред познати фирми. Тоа не е ништо друго, туку извор на корупција и криминал во државните структури.

**Имајќи предвид дека во Македонија секој четврти тендер е поништен, а секоја трета жалба усвоена, очевидно е дека јавните набавки се строго контролирано подрачје од страна на носителите на државни функции, каде се фаворизираат однапред познати фирми. Тоа не е ништо друго, туку извор на корупција и криминал во државните структури.**

Имајќи предвид дека *негативните мислења* и *мислењата со резерва* се неизоставен дел од извештаите на Државниот завод за ревизија за работењето на државните институции во 2010 г., неминовно се наметнува констатацијата дека корупцијата и криминалот длабоко навлегле во државните институции и силно ги поткопале темелите на општествениот систем.



ИТНО Е!
**ВРЕМЕНА МЕРКА**

Датум: 16 јули 2010 година, Скопје

ДО
УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

Врз основа на член 50 став 3 од Уставот на Република Македонија и член 12 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија,, број 70/1992), **Фондацијата Институт отворено општество Македонија – Скопје, Фондацијата Метаморфозис и Здружението на граѓани „Транспарентност Македонија** поднесува

И Н И Ц И Ј А Т И В А
за ПОВЕДУВАЊЕ постапка за оценување на уставноста на член 4 точка 47 и 48, член 112 ставови (7) и (8), член 114 ставови (7), (8) и (9), член 138 став (1) точки 28 и 29 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија,, број 13/2005, 14/2007, 55/2007, 98/2008 и **83/2010**)

Според член 112 став (7) од Законот за електронските комуникации, операторите на јавни комуникациски мрежи и давателите на јавни комуникациски услуги се должни, **на барање на надлежните државни органи**, да им ги доставуваат податоците за сообраќај кога тоа е потребно заради спречување или откривање на кривични дела, заради водење на кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на безедноста и одбраната на Република Македонија.

Според став (8) од овој член, **на овластениот орган за следење на комуникации** операторите на јавни комуникациски мрежи и давателите на јавни комуникациски услуги се должни да му овозможат постојан и директен пристап до своите електронски комуникациски мрежи, како и услови за самостојно преземање на податоците за сообраќајот.

Според член 114 став (7) од Законот, операторите на јавни комуникациски мрежи и давателите на јавни комуникациски услуги се должни, **на барање на надлежните државни органи**, да им доставуваат податоци за моменталната географска, физичка или логичка локација на терминалната опрема на своите

страница 1 од 6

И не е чудно што Владата вршеше притисок врз Државниот завод за ревизија, бидејќи минатата година беа забележани низа неправилности во трошењето на буџетските средства, како од страна на министерствата, така и од останатите државни институции. Очигледно, властите на државно и локално ниво се водеа од паролата „кучињата лаат, карванот си поминува“, па упорно, пред очите на јавноста, продолжуваа да спроведуваат активности за кои може да се каже дека не беа ништо друго туку злоупотреба во трошењето на пари од централниот буџет и буџетите на општините.

Особено вознемирувачки е заклучокот дека во 2010 г., практично, речиси и да немаше министерство кое не го тресеа внатрешни корупциски скандали. Некои од подрастичните случаи на кои реагираше ТМ беше оној на **министерот за животна средина и просторно планирање д-р Неџати Јакупи**. Тој во 2009 г. претходно изготвени проекти ги давал на свои блиски луѓе – „стручњаци“ да ги доработат, потоа ги прикажувал како нови и за тоа исплаќал високи суми на пари од буџетот на Министерството. Се претпоставува дека вака се склучени вкупно 339 авторски договори со вработени и со нивни блиски роднини и пријатели, за што исплатил вкупно 281.400 евра. Ваквата ситуација во Министерот за животна средина и просторно планирање можеби и не беше за изненадување, бидејќи истата година токму шефот на кабинетот на министерот беше осомничен за земање поткуп. Слично како и во многу други случаи со елементи на корупција, и овој случај остана без епилог - истрагата се затвори без обвинение за раководните лица на Министерството.

**Акциите за пошумување** на 14,5 милиони дрва во месеците април и ноември 2010 г. се типичен пример за тоа дека сомневањата за злоупотреба на државните ресурси за партиски и за приватни цели не се без основа. Со оглед на тоа што е практично невозможно само дваесетина инспектори од Јавното претпријатие за шуми да констатираат колку дрва се навистина засадени и за тоа да направат соодветни записници, не може да се докаже колку дрва, всушност, беа засадени со овие акција. Бројката од над 14 милиони садници, секако, звучи нереално.

Сомневања за можни злоупотреби буди и ставката од 14 милиони евра предвидени во 2010 г. за спроведување на **пописот во 2011**. Тоа е двојно повеќе од парите потрошени за претходниот попис, иако и двете статистички операции се спроведуваат според иста методологија, со ист обем и со исти активности.

И во 2010 г. продолжи праксата на власта за трошење милионски суми јавни пари за сопствена **пропагандна промоција**, често пати во облик на лошо замаскираните идеолошки пораки на партијата на власт. Како и во минатите години, тешко е да се констатира кои се критериумите и сумите според кои се финансираат бројните скапи владини кампањи. Особено не е јасно според кои критериуми големи

финансиски средства се слеваат само во одредени комерцијални медиуми, чиишто сопственици и/или уредувачки политики се блиски до партијата на власт. Веќе секому му е јасно дека голем дел од така вложените државни пари се насочени за корумпирање на уредувачките политики на одредени медиуми и на нивните сопственици, за да се придобие медиумската поддршка за политиките на партијата на власт.



### II.2. Случај “Скопје 2014”

Во февруари 2010 г. беше промовиран проектот „Скопје 2014“, поддржан од страна на Општина Центар, Градот Скопје и Владата на РМ. Откако стивнаа бурните реакции заради сосема нетранспарентната постапка во која некој, некаде, го замислил и го испроектирал овој мега-проект без да го изложи на судот на поширокатa и на стручната јавност уште во самата негова идејна фаза, проектот продолжи да го следат низа контроверзи и нерегуланости врзани за почетокот на неговата изведба.

Проектот со право го привлече вниманието и на ТМ поради мистеријата на финансиската конструкција за неговото реализирање. Јавно запрашавме: **Можно ли е Општина Центар, Градот Скопје и Владата на РМ да влегле во ваков грандиозен проект, а да не знаат приближно колку пари се потребни за неговата реализација и точно од кои извори ќе се обезбедат тие средства?** Бидејќи стана јасно дека никој од ниту едно ниво на власта не ги знае точните износи и извори за финансирање на овој проект, започна сериско избегнување на одговорот на овие прашања и од страна на градоначалниците на Општина Центар и на Град Скопје, но и од повисоките инстанци во власта. Една година по неговото промовирање, сѐ уште е енигма дали цената што ќе ја платат даночните обврзници во државава за „Скопје 2014“ ќе се приближи кон износот од 300-400 или повеќе милиони евра, бидејќи срамежливо најавените 70-80 милиони евра, како што тврдеа носителите на проектот, се надминаа уште во првата година од неговата изведба. Институциите не го објавуваат ни начинот на којшто се спроведуваат постапките за избор на најповолни понудувачи за споменичните и градежните работи на главниот скопски плоштад.

**На прес-конференции на органите за откривање криминал и во јавните настапи на извршната власт се презентираат „целосни” докази против осомничени за наводно извршување кривични дела кои, често и пред да бидат подигнати официјални обвиненија, се прогласуваат за „докажани криминалци”.**

Дополнителна потврда за скандалозните и криминогени димензии на овој проект уследија по објавата на податоците од Министерството за култура дека се исчезнати одреден број тендерски документи врзани за изведбата на овој проект. Министерката за култура, **м-р Елизабета Канчевска–Милевска**, потврди дека од нејзиното Министрство недостасуваат документи за 14 тендерски постапки, додавајќи дека, наводно, се работи за поништени постапки. Глава VIII од Законот за јавните набавки се однесува на обврската нарачателот на јавната набавка да направи досие за постапката за доделување на договор за јавна набавка. Во чл. 172 од Законот за јавните набавки предвидена е обврската договорниот орган да го чува досието за постапката за доделување на договорот за јавна набавка најмалку пет години од денот на извршување на соодветниот договор за јавна набавка. Во чл. 173 се опфатени сите работи кои треба да

се содржани во досието. Досието треба да ги содржи не само документите поврзани со најповолниот понудувач, туку и сите оние кои учествувале на јавниот повик.

За расчистување на состојбите не помогна ни скандалот поврзан со самата министерка за култура, за која се испостави дека во 2007 г., кога била државен секретар во ова Министерство, не само што примала плата, туку без основ примала и надоместоци за учество во комисии поврзани со проектот „Скопје 2014“. Под неразјаснети околности и на непознат датум, министерката Канчевска-Милевска примените хонорари ги вратила во буџетот на Министерството за култура.

## III. СОСТОЈБИ ВО СУДСТВОТО

### III.1. Полициска или правна држава?

Од настаните што ја одбележаа 2010 г. можеме да сумираме дека полицијата (или политиката) речиси целосно ја „прегази” судската власт.

**Презумпција на невиност.** На прес-конференции на органите за откривање криминал и во јавните настапи на извршната власт се презентираат „целосни” докази против осомничени за наводно извршување кривични дела кои, често и пред да бидат подигнати официјални обвиненија, се прогласуваат за „докажани криминалци”. Спротивно на Уставот и законот, лицата обвинети за финансиски криминал спектакуларно се апсат пред очите на целокупната македонска јавност, во директни телевизиски преноси. Со тоа грубо се повредува начелото за презумпција на невиност, а публицитетот пред судењето сериозно ја загрозува шансата на обвинетите да добијат фер судење пред независен суд.

**Притвор.** Наместо како последна мерка, притворот редовно се користи како прва мерка од страна на истражните судии со цел да се покаже „сериозниот“ пристап на полицијата и на извршната власт во гонењето на наводните престапници на законот. Од друга страна, спротивно на Уставот и законите, полицијата апси без судски налог и тогаш кога има време да му пристапи на судот.

**Посебни истражни мерки.** Пречекорувањето на полициските овластувања беше евидентно и во примената на посебните истражни мерки, кои наместо по исклучок (откако ќе се исцрпат сите полесни мерки на истражните органи), се применуваат и тогаш кога за истите не постои вистинска потреба и оправдување.

**Независност на судството.** Судовите, наместо да бидат независни и непристрасни контролори на законитоста во судските постапки, станаа директен инструмент на извршната власт, бидејќи не ја вршат првенствената уставна задача да ги оневозможат самоволието и арбитрерноста на полицијата/извршната власт при претреси, притвори, прислушувања и други зафаќања во основните слободи и права на граѓаните.

**ЛУСТРИРАНА ЛУСТРАЦИЈА**

За жал, се потврдуваат предвидувањата дека донесување на Закон за лустрација во држава со недоволна институционална развиеност и со ниско ниво на политички дијалог, каква што е Република Македонија, нема да придонесе за унапредување на демократските вредности во земјата.

Уште на самиот почеток на примена на Законот се манифестираа сериозни проблеми со мандатот на Комисијата за верификација на фактите и процедурата што таа ја применува. При утврдувањето на фактите, Комисијата треба да ја провери и оцени веродостојноста на приложените **докази** од соодветните служби, имајќи предвид дека разните списи не се, автоматски, и *факти*, туку дека се само доказно средство чија веродостојност допрва треба да се утврди. Дотолку повеќе што во Македонија е општо познато дека материјалите понудени од тајните служби треба често да се третираат како проблематични во својата веродостојност. Утврдувањето на точноста на изјавата на носител на јавна функција не се утврдува со постоење на *каков било* доказ, туку само на оној што *низ процедура* ќе се верификува како веродостоен.

За секој човек постои презумпција на чесен граѓанин (*praesumptio boni viri*), која може да се урне, но само преку една фер процедура во која ќе се разгледаат аргументите на обете страни, со адекватна можност да се тестира веродостојноста на приложените докази. Притоа, товарот на докажување не треба да биде на страна на лицето што е „обвинето“. Имено, правото да се биде сослушан е основен елемент на секоја правична постапка. На обвинетиот, како есенцијален дел од постапката за верификување на податоците, треба да му се овозможи да има фер шанса да ги побива подигнатите „обвиненија“ од Комисијата за лустрација, а не да му се овозможи да се *изјасни* откако постапката во Комисијата е завршена и е спроведено гласање. Во таа смисла, верификувањето може да биде само утврдување дали фактите/доказите се точни, а не *аминување* на содржината на полициските досијеа за востановување крајна вистина. (За волја на вистината, член 26 став 3 од Законот за лустрација претпоставува дека Комисијата ќе ги потврди податоците доставени од МВР, но ова треба да се чита како технички пропуст на Законот.)

Значајно е да не се заборави и тоа дека не секоја соработка со тајните служби се санкционира со Законот. Од неговите одредби јасно се гледа дека треба да се утврди и тоа дека од „соработката“ трпеле правата и слободите на конкретни лица, и тоа од идеолошки или политички причини! Тоа Комисијата или го заборава или, исто така, го претпоставува, како што претпоставува дека на тајните служби треба без поговор да им се верува.

Телото што одлучува за човековите судбини, права и слободи мора преку својата работа да даде гаранции за својата непристрасност и интегритет, а процедурата во која одлучува мора да биде јавна, брза и правична. Впечатокот за неправичност, селективност, политизираност и дилетантизам нема да ги убеди граѓаните дека во државата владее правото, а не политиката.

За неволјата да биде поголема, првата постапка пред Комисијата со случајот на уставниот судија **Трендафил Ивановски** не беше уште ни завршена, а веќе беше злоупотребена за отворен атак на премиерот и Владата врз Уставниот суд на РМ, со оспорување на легитимитетот на сите одлуки на овој суд кои не биле по вкусот на Владата.

## III.2. Политички атак врз судството

И покрај тоа што на реторички план независноста на судството упорно се декларираше како важна цел и основна вредност на македонската демократија, а законските текстови даваат општи гаранции за судската независност, во практиката овие гаранции останаа без поголемо значење поради недостатоците во механизмите за нивно остварување. Изборот и разрешување на судиите и јавните обвинители наизглед се правно добро регулирани, но оставаат доволно простор за влијанија што доведуваат до елиминација на непослушните судии и промоција на оние кои се лојални кон власта и нејзините желби. Од друга страна, организациски и финансиски немоќното судство, подложно на хиерархиска организација и неподготвено порешително да се бори за сопствената автономија, како и незрелата јавност и недостатната демократска свест за потребата од функционална поделба на власта, овозможуваат односи на зависност и покрај формалните гаранции за независноста.

И во 2010 г. власта продолжи да изразува нескриена недоверба кон судството од причина што судската контрола, наводно, го забавува и отежнува спроведувањето на политиката на Владата. Особено беше изразена недовербата кон кадрите на “старата власт”, поради што власта се обидуваше на секој можен начин да го инструментализираат судството преку инсталирање „проверени кадри“ во него, а особено на клучните раководни места, како што се Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, Врховниот суд и претседателските позиции во другите судови.

Атакот врз судството, а пред сѐ врз **Уставниот суд**, во 2010 г. се претвори во отворен судир на извршната власт со самостојноста и независноста на судството во целина, односно против оние судии кои не судат според политичките критериуми на извршната власт. Разрешувањето на непослушните судии повеќе не се прикриваше, туку стана отворена политика на Владата, со асистенција на највисоките инстанци во судството. Врховниот суд, Судскиот совет, па дури и Здружението на судиите, наместо да се борат за независноста и самостојноста на судството, станаа обична алатка на политичката врхушка во власта. Во 2010 г. е допрено дното во процесот на дегенерација на правната држава во Македонија, која никогаш и не можела да се пофали со стандарди неопходни за развиените демократии во светот. Без независен суд нема ни правна држава, нема ни поделба на власта, нема ни заштита на човековите слободи и права.

ТМ укажуваше на тоа дека, иако процедуралните гаранции, а особено правилата што осомничените ги штитат од нехуман третман и неосновани зафаќања во приватноста, навистина понекогаш ја отежнуваат ефикасноста на казненото правосудство, но дека во едно демократско општество тоа е цената што вреди да се плати со цел да се заштити слободата и достоинството на секој граѓанин, па и на оние осомничени за престап. Ако цел на постапката е да се примени казненото право со тоа што ќе се осудат виновните за кривично дело, исто толку, ако не и повеќе, цел на постапката е оние што се невини да се заштитат не само од неосновани осуди, туку и од неоснован прогон. Потребни се институционализирани контролни механизми за да се спречи државните службеници да ги злоупотребат овластувањата.

Презумпцијата на невиност се смета за една ваква контрола,

со оглед на тоа што товарот на докажување на вината го префрла врз државата – и тоа на начин што е процедурално исправен. Процесните гаранции се смислата на кривичната постапка која е структурирана така што треба да постигне и една политичка цел, да обезбеди овластувањето за кривичен прогон да не се злоупотреби како некакво општо овластување за прогонување и вознемирување на граѓаните. Правата на обвинетиот, во таа смисла, ги штитат сите граѓани од можните злоупотреби на државната власт, а процесните гаранции се сметаат за сериозна контрола на објективниот ризик не само од отворени злоупотреби, туку и од една, во начело, добронамерна, но премногу ентузијастички спроведувана криминална политика.

Наспроти ова, и во 2010 г. бевме сведоци на отворена *воена реторика*, со спроведување на „телевизиска правда" во борбата против организираниот криминал и корупцијата. Со тоа оправданоста на борбата со криминалот и корупцијата беа засенети од мерките и акциите на државните органи кои премногу често беа законски неосновани или не беа изведени согласно пропишаните правни процедури.

**Најдрастичен пример за тоа како министерот Маневски ги „преточува" своите перфидни политички влијанија во судството можеше да се заклучи при постапката за утврдување на одговорност на двајцата судии на Апелациониот суд Скопје, Виолета Дума и Владо Џивлиџиев, кои поради наводна нестручност беа разрешени од своите функции.**

### III.3. Политичка контаминација на Судскиот совет и улогата на министерот Михајло Маневски

Изминатата година Судскиот совет беше изложен на сериозна јавна критика дека при извршувањето на своите извонредно значајни надлежности беше под силно влијание на актуелната власт. Политичкиот притисок врз Советот главно беше испорачуван преку министерот за правда **Михајло Маневски**, кој не се воздржуваше своите ставови, коментари и закани кон судството јавно да ги соопшти. Таквото негово однесување, а преку него и однесувањето на актуелната власт, беше предмет на сериозна критика и во последниот годишен извештај на Европската комисија за напредокот на РМ во евро-интеграциите. Како последица на ваквото практикување на власта на министерот Маневски и неможноста да се заузда неговата потреба за потполна контрола на целокупниот правосуден систем, сé поизвесно е дека ќе се пристапи кон промена на Уставот на Република Македонија, во насока министерот за правда повеќе да не биде член на Судскиот совет. Ваквиот епилог преставува поразително признание дека концептот за партиципирање на извршната власт во Судскиот совет доживува фијаско и тоа исклучиво поради актуелното персонално решение на позицијата министер за правда. Во вакви околности општ е впечатокот дека за премиерот **Груевски** помал проблем е измената на Уставот, отколку промената на проблематичниот министер Маневски.

Изборот на **Бранко Ушковски** за нов член на Судскиот совет дополнително ги потврди сомневањата дека власта сака по секоја цена да го урниса авторитетот на ова тело, инсталирајќи свои патиски послушници, без никаков професионален и личен кредибилитет. Со ваквиот избор направен е директен упад во Уставот на Република Македонија и во Законот за судски совет. Имено, чл. 104 од Уставот го поставува стандардот под кој не може да се оди при изборот на членови на Судскиот совет, предложени од Собранието на РМ, упатувајќи на универзитетски професори

по право, адвокати и истакнати правници. Со оглед дека г. Ушковски не е ниту универзитетски професор, ниту пак адвокат, очигледно е дека парламентарното мнозинство во него препознало истакнат правник. 58-годишниот Ушковски, како правник од Центарот за управување со кризи, ни приближно не може да се смести во оваа категорија. Тој нема ниту ден професионално искуство во судството, а сега е ставен во позиција да ја цени работата и стручноста на судиите во Република Македонија.

Најдрастичерн пример за тоа како министерот Маневски ги „преточува“ своите перфидни политички влијанија во судството можеше да се заклучи при постапката за утврдување на одговорност на двајцата судии на Апелациониот суд Скопје, **Виолета Дума** и **Владо Џивлиџиев**. Тие, поради наводна нестручност, беа разрешени од своите функции, наспроти ставот на целокупната стручна јавност, вклучително и ставот на јавниот обвинител на Македонија, дека овие судии постапувале во рамките на ЗКП и со ништо не го прекршиле овој Закон.

Изјавите на доскорешниот претседател на Апелациониот суд во Скопје, **Јордан Митриновски** - кој предвреме ја напушти претседателската функција во судот заради наводни „здравствени причини“ - за директни притисоци од страна на политиката и, особено, на семејството Маневски, врз работата на скопска Апелација, само го потврдија општиот впечаток за притисокот на кој е изложена судската фела во Македонија во извршување на својата општествено важна и чувствителна работа.

ТМ смета дека итно мора да се прекине со повеќегодишната компромитацијата на Судскиот совет. ТМ повеќепати констатира дека суштината на проблемите на ова тело не е во неговиот концепт, туку во скандалозното поведение на министерот Маневски и неговите партиски инсталации во Советот.

**СОСТОЈБАТА ВО МЕДИУМИТЕ**

**Загрижувачките состојби во македонскиот медиуми беа наведени во извештајот за 2010 г. на меѓународната организација “РЕПОРТЕРИ БЕЗ ГРАНИЦИ”.**

**Контролата на јавните и приватните медиуми со калкулирана употреба на институционални буџети за реклама и тајната спрега меѓу политичките и правосудните кругови, работата на новинарите ја прави се потешка. Во ваквата зависна ситуација, голем број на новинари се приклонуваат кон пресметана автоцензура или платеничко новинарство, но постепено го уриваат кредибилитетот на професијата.**

**Загрижувачката состојба во медиумите беше нотирана и во Извештајот за напредокот на РМ изготвен од страна на Европската комисија.**

## IV. НЕФУНКЦИОНИРАЊЕ НА КОНТРОЛНИТЕ МЕХАНИЗМИ

### IV.1. Државна комисија за спречување на корупцијата (ДКСК)

Изминатата 2010 г. беше одбележана со многу турбулентни настани поврзани со работата и статусот на Државната комисија за спречување на корупцијата. Нејзиното (не)работење повторно беше предмет на интересот на јавноста, а со самото тоа и медиумскиот фокус остана насочен кон оваа институција. Причините за таквиот интерес лежат во функционалната надлежност на ова тело, но не помалку значајни фактори се и секојдневните коруписки скандали кои ги потресуваа сите сегменти на власта, а на кои органите за прогон не реагираа или, пак, тоа го чинеа селективно.

Во 2010 г. Комисијата влезе со нарушен углед и

без потребниот авторитет, неопходен за сериозно справување со предизвиците пред кои беше исправена. Тригодишното претседавање на **Мирјана Димовска** ја претвори ДКСК во послушник на Владата и од институција која треба да ги решава корупциските проблеми, во проблем сам за себе. Агонијата на ова тело кулминираше во почетокот на годината, кога за нов претседател беше избран **Илми Селами**. Тој веднаш се обиде Комисијата да ја врати на нормалниот колосек, како би можела да одработи барем дел од своите надлежности.

Таквиот пристап резултираше со неколку иницијативи за разрешување и за утврдување на одговорност на носителите на јавни функции кај кои беа констатирани очигледни незаконитости во постапувањето. Од сериозен прекор за нетранспарентност и игнорантски однос ДКСК не ја поштеди ни Владата на РМ, која во изминатите три години функционираше во идилична хармонија со г-ѓа Димовска. Ваквото будење и раздвижување на ДКСК веднаш беше дочекано со проивудар од страна на власта. Под плаштот на зголемување на ефикасноста на Комисијата, власта ги донесе измените на Законот за спречување на корупцијата, според кои составот на членовите на ДКСК ќе мора да се професионализира. Ваквата промена стапува во сила од 01.02.2011 година, што значи дека мандатот на постојните членови ќе биде скратен за една година. Ако на ова се надоврзе и состојбата со скратувањето на буџетот на ДКСК, станува повеќе од очигледно дека власта се реши енергично да се справи со новата политика на „непослушната“ Комисија.

ТМ смета дека во 2010 г. со својот однос кон ДКСК актуелната власт демонстрираше решителност и испрати порака до сите независни контролни тела дека нема да толерира нивна непослушност. Целта е да се елиминираат неопходните контролни механизми во системот на јавни набавки, располагањата со државен имот (пред сé со државното земјиште), судирот на интереси и тн.

## IV.2. Државен завод за ревизија

И покрај притисоците, Државната ревизија и во 2010 г. во повеќе државни институции констатираше бројни недостатоци во работењето и при трошењето на народните пари, а особено кај: Министерството за образование, Агенцијата за странски инвестиции, Управата за јавни приходи, Јавното сообраќајно претпријатие, и општините Шуто Оризари и Сопиште. Овој список е помал во однос на 2009 г. бидејќи, под притисок на Владата, Државниот завод за ревизија во Програмата за работа за 2010 г. ги изостави од контрола поголемите министерства и државни претпријатија каде што може да се очекува дека може да има ненаменско и нерационално трошење на државни пари.

Имено, се стекнува впечаток дека Владата врши притисоци за да ги избегне ревизорите во министерствата со кои раководат кадри на ВМРО-ДПМНЕ. Така, од четирите министерства предвидени за контрола со програмата на ДЗР за 2010 г., две се предводени од кадри на ДУИ, а ревизијата во Министерството за финансии е задолжителна со закон.

Ваквите сомнежи се зголемија и по одлуката на Владата

**Цветанов отворено сведочи дека во државата се води политички диригирана и селективна борба против организираниот криминал, ги потврдуваат тврдењата дека власта не само што не успева да се справи со важни форми на криминалните деформации во општеството, туку дека можеби и самата учествува или ги поттикнува нивните извршувања**

ревизорското тело за трошење на ИПА-фондовите да биде под владина контрола, а не независно, како што е предвидено со Специјалниот протокол за располагање со ИПА фондовите потпишан со ЕУ.

### IV.3. Управа за спречување перење пари и финансирање тероризам

Разрешувањето на директорот на Управата за спречување перење пари и финансирање тероризам, **Ване Цветанов**, остави непријатен печат во борбата против криминалот и корупцијата во 2010 г. Неговата неволна демисија, како и бројните јавни настапи по напуштањето на функцијата во кои г. Цветанов отворено сведочи дека во државата се води политички диригирана и селективна борба против организираниот криминал, ги потврдуваат тврдењата дека власта не само што не успева да се справи со важни форми на криминалните деформации во општеството, туку дека можеби и самата учествува или ги поттикнува нивните извршувања.

Смената на Цветанов се случи во период кога директорот на Управата за јавни приходи, **Горан Трајковски**, излезе со предлог за промовирање на проект за „даночна амнестија" во Македонија, кој се протолкува и како обид на поединци од власта или луѓе блиски до неа евентуално да ги легализираат валканите пари во чие стекнување и тие учествувале.

### IV.4. Други регулаторни тела

Политичкото цунами не ги заобиколи и останатите регулаторни тела. Поставувањето на истакнати партиско-политички фигури на челото на овие независни тела, јасно говори за намерата на власта да не дозволи никакво независно делување на регулаторите во Република Македонија. Така, по поставувањето во 2009 г. на претседателот на Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ од Кратово, **Димитар Петров**, на чело на Регулаторната комисија за енергетика, за претседател на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2010 г. беше наименувана **Гордана Ивановиќ**, истакнат партиски член на ВМРО-ДПМНЕ.

Ваквата практика е во директна спротивност со препораките на ЕУ, во кои се апелира до нашите власти да ја обезбедат неопходната независност на регулаторните тела. Наспроти тоа, партизацијата на овие тела станува сé пожестока, а регрутацијата на истакнати партиски кадри во нив се претвори во правило.

ТМ ја осуди ваквата политизација на регулаторните тела, со оглед на тоа што ваквата тенденција неминовно упатува на конфликт на интереси во нивните раководни структури, што пак може да предизвика и сериозни нарушувања на пазарот. Воедно, политичката изложеност на регулаторните тела го зголемува просторот за коруптивни активности во општеството, со можноста за фаворизирање или притисок врз одредени субјекти на пазарот.

## КОРУПЦИСКИ СКАНДАЛИ И АФЕРИ ВО 2010 г.

### *Дупка наместо луксузен хотел*

Скандалот со контроверзното доделување на земјиште во Скопје зад трговскиот центар Рамстор на фирма за која во јавноста се шпекулираше дека е „фантомска“ и во 2010 г. не дојде до расчистување. Оваа афера ја отвори македонската опозиција, но и британскиот весник *Дејли Телеграф*, според кои во сомнителното замешателство со политичка позадина наводно се вклучени **г. Јордан Камчев**, познат македонски бизнисмен, премиерот Никола Груевски и **г. Ендру Фелдман**, помошник на лидерот на британската Конзервативна партија. Весникот пишуваше дека Владата на РМ му го дала земјиштето за изградба на елитен хотел зад Рамстор на британски инвеститор за да добие поддршка за членство во НАТО. После серија обвинувања и контраобвинувања меѓу власта и опозицијата во Македонија – и во 2010 г. на спорниот плац, наместо луксузен хотел чие изведување беше спектакуларно промовирано од страна на Владата како важна странска инвестиција, остана да стои голема градежна дупка.

### *Хидросистем Злетовица*

Повеќегодишниот скандал поврзан со изградбата на хидросистемот Злетовица, кој се реализира со кредит од 70 милиони евра од јапонската Влада, не доби разрешница ни во 2010 г. Постојат сомневања дека во овој скандал се вмешани поранешниот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство од редовите на Социјалистичката партија и фирмата „Силекс Неметали“ од Кратово, која е поврзана со актуелниот пратеник и претседател на Социјалистичката партија **Љубисав Иванов-Ѕинго**, кој воедно е и коалиционен партнер во Владата на РМ.

### *Проневери на европски фондови*

Скандалот во Агенцијата за европски образовни програми се покажа дека има далекусежни последици врз натамошното финансирање на програмите кои се финансираат со европски пари. Европската комисија ги стопираше сите програми што Агенцијата ги реализирала со европски пари по откривањето на податоците дека најмалку 260 илјади евра од Агенцијата биле префрлани на сметките на роднини и блиски пријатели на директорот на Агенцијата, кој воедно е и висок функционер на ВМРО-ДПМНЕ.

### *Нестручни учебници*

Во 2010 г. Министерството за образование го тресеа скандали поврзани со објавувањето на учебници за основно и средно образование со сомнителни, нестручни содржини, проследени со низа недоследности при спроведувањето на јавните набавки. При избор на најповолен понудувач, спротивно на Законот за јавните набавки, Министерството склучувало договори „во четири очи“, за што и самиот министер изјави дека се „пазарел“ со авторите на книгите.

**СЛУЧАЈ А1 ТЕЛЕВИЗИЈА**

**Случајот кој ја потресе македонската јавност на крајот од 2010 г. изобилува со правни и политички недоследности, институционални противречности и јасни индикации за искористување на борбата против криминалот и корупцијата за задушување на слободата на печатот во Македонија од страна на власта, но и за незаконито прелевање на јавни фондови во приватни џебови. ТМ направи и објави детална анализа во месец декември 2010 г. за околностите и начинот на кој беше извршен институционален упад во работата на медиумите и другите фирми лоцирани на скопската ул. „Перо Наков“ бб, при што јасно констатира дека „преземените мерки и дејствија не се во целост основани и не се изведени согласно пропишаните правни процедури“, како и дека „масивната полициска асистенција, со незаконско блокирање на медиумите и новинарите кои работат на адресата Перо Наков бб, не одговара на принципите на нужност и сразмерност на полициските акции во демократското општество“. Акцијата на извршната власт во која се сосема измешани ингеренциите и овластувањата на УЈП, МВР, Финансиската полиција и неколку различни инспекции, упатуваат на сомневање дека се работи за акција со политичка, а не со правна позадина.**

**Актуелните случувања со А1 ТВ на површина ја исфрлија и вистината за она што веќе четири години ТМ го потенцира, дека зад разно-разните владини медиумски кампањи за сè и сешто, всушност се крие криминално испумпување на народни пари и нивно слевање во џебовите на поединци и групи од владејачките партии и нивните медиумски поддржувачи. Целта на власта е, меѓу другото, со вака употребените јавни пари директно да влијае врз уредувачките политики низ македонските медиуми со придобивање на нивната благонаклоност за поддршка на политиките на Владата.**

**Директната потврда за криминалната политичко-медиумска спрега пристигна од приведениот сопственик на А1 ТВ, односно од една од договорните страни во криминалната зделка. Тоа, со кривично-правен речник се дефинира како самопризнание. Пред целокупната јавност, од страна на сопственикот на А1 ТВ беше презентирана шемата по која се остварувала зделката во која со државни пари се финансирани партиски кампањи. За сторениот криминал во јавноста се испорачаа ФАКТИ, за начинот и времето на неговото извршување, цифрите од буџетот кои се злоупотребени и тн. Според ТМ, ова е криминалното здружување кое треба да се гони од страна на истражните и обвинителските органи, многу поважно и посуштествено за македонската демократија и правната држава од евентуалните финансиски криминални дела сторени при производството на смоки на фирмите од наведената адреса.**

**Продолжените полициски, истражни и судски акции во овој случај, силно влијаени од страна на највисоките инстанци во власта, не оставаат сомневање дека политичките димензии во случајот ги надминаа правните и претставуваат поучна илустрација за состојбата во македонските медиуми, селективното и исполитизирано функционирање на правната држава и демонстрацијата на сила од страна на власта чија цел е да се изврши притисок врз слободата на медиумите и слободата на говорот во државата.**

***Афера „Сопиште“***

Во аферата „Сопиште“, градоначалникот на оваа општина **Јован Ѓоргиовски** од редовите на ВМРО-ДПМНЕ реализирал јавни набавки без притоа да спроведе постапка за избор на најповолен понудувач. Уште повеќе, фирмата којашто ги извршувала работите во општината била во сопственст на сопругата на градоначалникот. И овој корупциски скандал во 2010 г. остана без политичка или судска разрешница.

***Случај „Медиа Принт Македонија“***

По јавното откритие во 2010 г. дека шоферот на извршниот директор на „Медиа Принт Македонија“ пред две години се обидел нелегално да прошверцува, скриени во пластично шише, 750.000 евра од Србија во Унгарија, изостанаа одговори на повеќе важни прашања. Остана нејасно чии се парите, за кои шоферот изјавил дека припаѓаат на фирмата во којашто е вработен, како и дилемата зошто МВР цели две години молчела за случајот, иако Управата за спречување перење пари и финансирање тероризам навреме реферирала за овој настан? Тоа ги побуди шпекулациите дека ова е само еден од повеќето успешни „трансфери“ на нелегални пари кои биле изнесувани од Македонија на овој начин, а за кои македонските надлежни служби не постапувале во рамките на своите овластувања. Со оглед на работата со која се занимава „Медиа Принт Македонија“ (издавање дневни и периодични весници), како и заради декларираната блискост на извршниот директор на оваа фирма со актуелната власт и со директорот на македонската тајна полиција, случајот доби и политичка димензија.

***Случај “РЕК Битола”***

Во текот на месец јули 2010 г. МВР ја извести јавноста дека до Основното јавно обвинителство поднела кривична пријава против 12 лица, вработени во РЕК Битола, поради основано сомнение дека сториле кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластувања, на начин што склучувале договори со правни лица за извршување на услуги за РЕК Битола и овозможиле исплата на средства во вкупен износ од преку 700.000 евра, иако дозволениот лимит на овој вид работи бил околу 300.000 евра. Сруктурата на пријавените е од различни нивоа, од референти, помошници директори, советници и тн.

Ваквата активност на МВР, на прв поглед, заслужуваше пофалба, бидејќи наодите укажуваа на незаконито работење во државна компанија од стратегиско значење за енергетскиот комплекс во земјата. Сепак, во процесирањето на овој случај имаше низа сериозни недоследности, неконзистентност и селективност.

**Прво**, ваков криминал, во кој се осомничени 12 вработени од компанијата, со предизвикана голема материјална штета, не е можно да биде извршен од изолирани поединци. Тоа значи дека посочените лица делувале како организирана група, па така нејзиниот прогон требаше да се третира од Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, а не од Основното јавно

обвинителство Битола.

**Второ**, периодот кога наводно е сторено и димензиите на кривичното дело беа во такви размери што е практично невозможно сето тоа да се случувало без знаење на тогашниот генерален директор, сегашен министер за одбрана, **Зоран Коњановски**. Тој знаел или морал да знае за ваквите наводно незаконити договори, а не презел ништо тоа да го спречи, па останува нејасно зошто г. Коњановски не е опфатен со кривичната пријава и тоа, веројатно, како првообвинет.

**Трето**, во изминатите години, а и во 2010 г., бевме сведоци на практиката на МВР, во содејство со Јавното обвинителство, за многу побанални кривични дела се прават спектакуларни приведувања од единицата за специјални намени на МВР, проследени со медиумска помпа при приведувањето и носењето пред истражен судија, каде, по правило, на осомничените им се изрекуваа мерки притвор. Оваа практика беше применета и од СВР Битола, истиот месец, при приведувањето на семејството на млекарот **Димитар Илиевски**, осомничени дека одгледувале неколку корени канабис. Наспроти тоа, во случајот со групата од 12 осомничени од РЕК Битола, за криминал тежок повеќе стотици илјади евра, немаше ниту јавно приведување, а ниту предлог од Јавното обвинителство до истражниот судија за определување на мерка притвор. Т М искажа загриженост за недоследноста и очигледната селективност на МВР и, особено, на Јавното обвинителство во борбата со тешките форми на криминал, бидејќи од кривичен прогон се амнестираше висок политички и државен функционер, г. Зоран Коњановски, кој во време на извршувањето на кривичното дело бил најодговорно лице за законитоста во работењето на РЕК Битола.

**Препораки:**

- ***Со цел да се зголеми степенот на независност на Државниот завод за ревизија ТМ инсистира Владата на РМ да не се маша во нејзиното работење, бидејќи ДЗР е единствената институција во државата којашто го ревидира работењето на државните институции и трошењето на државните пари.***

- ***Заради пасивниот и селективен однос на Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи и Финансиската полиција, ТМ им препорачуваме веднаш да пристапат кон разрешување на сите случаи во кои има елементи на корупција и криминал и во кои се вклучени високи државни функционери (министри, градоначалници, директори на јавни претпријатија и тн.).***

- ***Со оглед на тоа што евро-атлантските интеграции се од суштествена важност за сузбивање на криминалните и коруптивните активности во општеството, ТМ препорачува Владата на РМ да го смени курсот на надворешната политика и како највисок државен приоритет повторно да го постави членството на***

*Република Македонија во ЕУ и НАТО.*

- ***ТМ препорачува Министерот за правда да не учествува во работата на Судскиот совет и во Советот на јавните обвинители.***

- ***Борбата против корупцијата да се води политички неселективно, согласно законските прописии процедури и со максимално почитување на принципот на презумпција на невиноста.***

- ***ТМ препорачува одговорните државни институции да излезат со податоци за трошоците што се прават од јавните пари за пропаганда и презентации, како и за изворите на средствата со кои партиите ги финансираат своите медиумски кампањи.***

- ***Уставниот суд е гарант и чувар на уставноста, а со тоа и на начелата на законитост, владеење на правото и поделба на власта во државата. Коментари и мислења за содржината на одлуките на уставното судство од страна на извршната власт не придонесуваат за владеењето на правото во државата. ТМ препорачува високи инстаци во власта, вклучувајќи го и премиерот Никола Груевски, во иднина да се воздржуваат од груби и политички мотивирани напади врз интегритетот во работата и персоналниот состав на Уставниот суд.***

- ***Владата мора да покаже политичка волја, па и култура, и за сите поважни законски проекти да организира јавни дебати, расправи, тркалезни маси, научни дискусии и сл. ТМ препорачува да се почитуваат аргументите, укажувањата и забелешките на стручњаците, јавноста, невладиниот сектор, медиумите и науката уште пред да се дадат законски текстови во собраниска процедура, наместо тоа да се прави во дискусија на затворени седници на Владата и новите законски решенија да се држат во тајност до нивното изгласување во Собранието.***

Свирни!
ако сметаш дека
има корупција
во владата

**Поддржано од:** FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA / ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА